Врз основа на член 25 и член 47 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), а во врска со член 28 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и Службен весник на РСМ број 122/21 година), Управниот одбор на ИОРРСМ по предлог на Комисијата за образование, обуки и публикации, на седницата одржана на 04.04.2025 година ја усвои следната

Бр. 0102-191/1
04-04 2025 год.
СКОПЈЕ

## Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2025 година

1. Одржување на обука за сите членови на ИОРРСМ:

| Бр. | Наслов | КПУ часа |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | ***МСФИ и ажурирање на МСФИ (2024 – 2025 год.)*** | **16** |
| | Обработка на актуелни теми, генерален преглед на главните промени на МСФИ во дадениот период и преглед на последните промени | |
| | *Актуелни теми (предлог):* | |
| 1.1 | *Генерален преглед на главните промени на МСФИ во дадениот период* | |
| 1.2 | *МСС 1 - Презентирање на финансиски извештаи* | |
| 1.3 | *МСС 10 - Настани по периодот на известување* | |
| 1.4 | *МСС 12 - Даноци на добивка* | |
| 1.5 | *МСС 19 - Придобивки за вработените* | |
| 1.6 | *МСФИ 1 - Првично усвојување на меѓународните стандарди за финансиско известување* | |
| 1.7 | *МСФИ 2 - Плаќање врз основа на акции* | |
| 1.8 | *МСФИ 3 - Деловни комбинации* | |
| 1.9 | *МСФИ 4 - Договори за осигурување* | |
| 1.10 | *МСФИ 5 – Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења* | |
| 1.11 | *МСФИ 7 - Финансиски инструменти: обелоденувања* | |
| 1.12 | *МСФИ 8 – Оперативни сегменти* | |
| 1.13 | *МСФИ 9 - Финансиски инструменти* | |
| 1.14 | *МСФИ 15 - Приходи од договори со купувачи* | |
| 1.15 | *МСФИ 16 – Лизинг* | |
| 1.16 | *МСФИ 17- Договори за осигурување во споредба со МСФИ 4* | |
| 1.17 | *МСФИ 18 - Презентирање и обелоденување во финансиските извештаи* | |
| 1.18 | *МСФИ за МСЕ (мали и средни ентитети)* | |
| | | |
| 2 | ***МСР и ажурирање на МСР (2024 – 2025 год.)*** | **20** |
| | Обработка на актуелни теми од ревизијата и преглед на главните промени во МСР во дадениот период | |
| | *Актуелни теми (предлог):* | |
| 2.1 | *Генерален преглед на главните промени на МСР во дадениот период* | |
| 2.2 | *МСР 210 - Договарање на условите на ангажман за ревизија* | |
| 2.3 | *МСР 230 - Ревизорска документација* | |
| 2.4 | *МСР 315 (ревидиран 2019), Идентификување и проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување* | |
| 2.5 | *МСР 320 - Материјалност во планирањето и извршувањето на ревизијата* | |
| 2.6 | *МСР 500 - Ревизорски докази* | |
| 2.7 | *МСР 530 - Метод на примерок во ревизијата* | |
| 2.8 | *МСР 540 (ревидиран) - Ревизија на сметководствени проценки и поврзани обелоденувања* | |
| 2.9 | *МСР 570 (ревидиран) - Континуитет* | |
| 2.10 | *МСР 600 (ревидиран) Посебни разгледувања – ревизии на финансиски извештаи на групација (вклучувајќи ја и работата на ревизорот на компонента)* | |
| 2.11 | *МСР 700 (ревидиран) - Формирање мислење и известување за финансиските извештаи* | |
| 2.12 | *МСР 705 (ревидиран) - Модификации на мислењето во извештајот на независниот ревизор* | |
| 2.13 | *МСР 706 (ревидиран), Пасуси за нагласување прашање и пасуси за други прашања во извештајот на независниот ревизор* | |
| 2.14 | *МСР 710 - Споредбени информации – кореспондирачки податоци и споредбени финансиски извештаи* | |
| 2.15 | *МСР 800 (ревидиран) - Посебни разгледувања – ревизии на финансиски извештаи подготвени во согласност со рамки за посебна намена* | |
| 2.16 | *МСР 810 (ревидиран), Ангажмани за известување во однос на сумарни финансиски извештаи* | |

| Бр. | Наслов | КПУ часа |
|---|---|---|
| 3 | ***Контрола на квалитет во ревизијата*** | **8** |
| | Преглед на стандардите за контрола на квалитет, поставеноста на контролата на квалитетот во ИОРРСМ, генерално сублимирање на наодите од спроведените контроли на квалитет и методологија за проверки на контрола на квалитет. | |
| *3.1* | *Меѓународен стандард за управување со квалитет 1 (ISQM 1) - Управување со квалитет за фирми кои вршат ревизии или проверки на финансиски извештаи или други ангажмани за уверување или поврзани услуги* | |
| 3.2 | *Меѓународен стандард за управување со квалитет 2 (ISQM 2) - Проверки на квалитет на ангажманот* | |
| 4 | ***Меѓународен кодекс на етика на МФС за професионални сметководители и негово ажурирање*** | **4** |
| 4.1 | Осврт на сите промени на Кодексот, како и практична дискусија за нивното влијание во ревизијата (структура на тимовите за ревизија од аспект на групни и поединечни ревизии, потребни обелоденувања, одобрувања од Одбори за ревизија на неревизорски услуги итн.) | |
| 5 | ***Даноци*** | **4** |
| | Промена на регулативата од даночната сфера (глобален минимален данок) | |
| | Актуелни теми | |
| 6 | ***Законска регулатива*** | **3** |
| | Актуелни теми (Закон за финансиски инструменти, Закон за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност, Закон за трговските друштва и др.) | |
| | "ESG" известување и активности од страна на друштвата + Нефинансиско известување и „sustainability" | |
| 7 | ***Информатичка технологија*** | **5** |
| *7.1* | *Трендови и новитети во информатичката технологија (вештачка интелигенција, алатки, и сл.)* | |
| *7.2* | *Тестирање на Генералните ИТ Контроли на субјект на ревизија од аспект на МСР* | |
| *7.3* | *Сигурност на информативните системи - ризици и одговор на ризиците (идентификување и ревизорски одговор на ризикот)* | |
| 8 | ***Актуелни теми - други професионални и регулаторни тела*** | **16** |
| *8.1* | *Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (СУНРРСМ)* | |
| *8.2* | *Здружение на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија* | |
| *8.3* | *Институт на сметководители и овластени сметководитрели на РСМ (ИСОС)* | |
| *8.4* | *Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Р.С. Македонија* | |
| *8.4* | *Народна банка на Република Северна Македонија* | |
| *8.5* | *Агенција за супервизија на осигурувањето* | |
| *8.6* | *Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија* | |
| *8.7* | *Централен регистар на Република Северна Македонија* | |
| *8.8* | *Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија* | |
| *8.9* | *Управа за финансиско разузнавање* | |
| *8.10* | *Агенција за заштита на личните податоци* | |
| *8.11* | *Комора на овластени проценувачи на Република Северна Македонија* | |
| *8.12* | *Македонска банкарска асоцијација* | |
| *9* | *Soft skills (Меки вештини)* | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Панел дискусии** | **4** |
| | Панел дискусии на актуелни теми и проблеми со кои се соочуваат ревизорите, кои што ќе бидат водени од страна на избран модератор - професионалец во областа предмет на панелот, или од професијата. На панел дискусиите ќе бидат повикани гости, професионалци или претставници на релевантни засегнати институции кои ќе имаат свое излагање и ќе учествуваат во дискусија на прашања по темата. Темата организирана како панел дискусија ќе трае минимум 1 час. Овие часови се вклучени во вкупниот број на часови предвидени за одреден датум. | |
| | | |
| | **Вкупно КПУ часа за 2025 од предавањата** | **83** |
| | За подготовка на одржано предавање од страна на член на ИОРРСМ се признава број на часови за КПУ кои се еднакви на два пати по должината на предавањето во рамки на семинарот. За секој ден на одржаните семинари се признаваат КПУ часови согласно програмата за тој ден на настанот. | |

2. Одржување на работилници за 15 до 30 учесници:

| Бр. | Наслов | КПУ часа |
|---|---|---|
| 1. | Ангажмани на надворешна ревизија – Планирање на ревизијата и идентификување на ризици | 16 |
| 2. | Ангажмани на надворешна ревизија – Извршување на ревизорски постапки | 16 |

За подготовка на одржано предавање од страна на член на ИОРРСМ се признава број на часови за КПУ кои се еднакви на должината на предавањето во рамки на работилницата. За секоја работилница се признаваат КПУ часови во нејзино времетраење.

3. Дел од спроведените КПУ настани ќе бидат повторно понудени во декември 2025 година, за да се проследат преку модулот за он-лајн предавања на веб страната на ИОРРСМ. Овие предавања може да ги следат само лицата кои не ги проследиле при нивното првично одржување, а се признаваат ист број на КПУ часови како и за првичниот настан.

4. Интерактивна КПУ едукација преку он-лајн пристап. Ќе бидат понудени три стандардни и три актуелни модули. За проследени 3 стандардни или 3 актуелни модули се признаваат 4 КПУ часа. За проследени 6 модули се признаавaат 8 КПУ часа. За проселеден 1 модул се признава 1 КПУ час.

5. Годишно електронско следење на КПУ во определен период во годината што се признава 8 часа КПУ.

6. Други настани согласно склучен договор за соработка со ИОРРСМ.

Настаните предвидени во оваа програма по потреба ќе се одржуваат преку средства за електронска комуникација, он-лајн пристап, он-лајн присуство, физичко присуство и комбинирани предавања.

Оваа програма влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Ненад Тортевски**
**Претседател на ИОРРСМ**

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ИОРРСМ СКОПЈЕ